# Извештај од анализата на анкетен прашалник за одржлив развој

## во рамките на проектот „Децата во акција за почиста околина“

### Воведно излагање

Прашањата се ориентирани кон истражување на навиките и однесувањата на граѓаните на Општина Карпош во врска со „5R“ концептот за одржив развој. Во анкетата се содржани неколку клучни аспекти на овој концепт: реупотреба, подготовка на предметите за повторна употреба, намалување на потрошувачката, селекција и рециклирање, како и настојувањето да се размислува  пред купување на одреден производ во насока на заштита на околината.

Прашањата се прилагодени на возраста на младите анкетари за тие поефикасно да учествуваат во процесот на анкетирање. Прашањата се однесуваат на најважните аспекти од проблемот кој се испитува и се поставени на едноставен начин. Едукативните работилниците за истражувачки процес во кои беа вклучени младите анкетари пред спроведувањето на јавната анкета, како и едноставно поставените прашања овозможуваат да им се приближи процесот на истражување во однос на темата екологија, така што тие побудно ќе ги перципираат еколошките проблеми и ќе размислуваат за можни решенија во кои и самите можат да учествуваат.

Учениците од основните училишта опфатени со проектот кои се вклучија во фазата на теренско истражување на оваа пилот анкета опфатија мислења и информации за однесувањето кај повеќе од 70 граѓани од Општината. Одбраните граѓани се случајни минувачи на трите локации Зелен пазар „Тафталиџе“, супермаркетот „Веро“ и трговскиот центар „Лептокарија“.

## Резултати и анализа

1. Значење на отпадот

Првата тема е опфатена со првото прашања и го испитува нивото на информираност на граѓаните и нивната свест како почетно скалило во однос на проблемите на справување со отпадот.

Граѓаните имаат сознанија за вредноста на отпадот, тоа може да се утврди и според статистичките податоци. Повеќе од половина од граѓаните знаат дека отпадот не е само ѓубре, туку дел од отпадот може да се користи како суровина. Дури 17 % се изјасниле дека „отпадот е суровина“. Значи, според одговорите на испитаниците 70% од испитаниците „делумно“ или „целосно“ во отпадот гледаат суровина. Останатите граѓани, скоро третина од сите испитаници немаат сознание дека во отпадот има суровина. Општина „Карпош“ се смета дека е една од напредните општини според односот на граѓаните кон животната средина и потребно е да се информираат граѓаните на повисоко ниво на знаења.




График бр.1 Мислење на граѓаните за отпадот

Во оваа рамка потребно е да се укаже на потребата за зголемување на свесноста на граѓаните за чување од оштетување и вандализам на поставените контејнери во кои може да се сортира отпадот.

Сортирање на отпадот

Постојат повеќе клучни влијанија кога се работи за справување со отпадот. Важно е граѓаните да се свесни за важноста на селектирање на отпадот и исто толку важно е да се создадат услови т.е. да се обезбедат посебни места за сортирано одлагање на отпадот.




График бр.2 Постојат ли контејнери за селектирање на отпадот

Во Општината Карпош 42,85 % од испитаниците сметаат дека има контејнери во кои може да се сортира отпадот. За опцијата „делумно“ се определиле 23% од граѓаните во своите одговори. Категоријата „делумно“ ги содржи и одговорите на граѓаните во кои е посочено постоење на контејнери за пластика. Три одговори (скоро 5%) во кои е наведено дека во населбата во која живеат има контејнери во кој може да се селектира отпад е забележано дека граѓаните не живеат во Општина Карпош, исто и во два од одговорите во кој граѓаните обележале дека нема контејнери за селектирање на отпадот.

Според инфраструктурата места за сортирање и одлагање на отпад постојат, но бројот на такви контејнери потребно е да се зголемува. Важно е суровината одвоена од отпадот да се искористи со процесот на рециклирање, но во Македонија сеуште не постои доволно интерес за ваков бизнис. Според извештајот на Државниот завод за статистика од 2010 година на отпадот не се спроведувал никаков третман така што 100% отпад е одложен на депонија. Според информации од медиумите рециклирање се врши само на дел од амбалажен отпад од хартија и пластика, па не може да се зборува за организирана рециклажа на отпадот. Најновите информации најавуваат нова фабрика за рециклирање во Прилеп.

Во Хрватска во 2003 година истражувано е нивото на свесност на граѓаните за еколошки проблеми и прашања во четири града. Според исказите на 97,62% од испитаните граѓаните, застапени се контејнери за различни видови на отпад. Во истражување во 2006 година спроведено на студенти од Копривничка област во 61% од одговорите истакнато е дека има места за одлагање на пластика, а во 66% од одговорите дека има посебни места за одлагање на хартија.

Овие информации укажуваат на поголема организираност на некои од државите во околниот регион кои посветуваат значително внимание на проблемот на справување со отпадот.

## Рециклирање на отпадот

Во процесот на купување рециклираните производи може да се избираат наспроти оние кои не се произведуваат од рециклирани материјали, со цел процесот на рециклирање да се заокружи и да се постигне целта намалување на користење на нови ресурси од природата.




График бр.3 Граѓаните на Општината настојуваат ли да купуваат рециклирани производи

Околу третина од испитаните граѓани најчесто настојува да купуваат рециклирани производи. Голем е процентот на граѓани (28,57%) кои не водат сметка за тоа какви производи купуваат.  Добиените статистички податоци укажуваат дека има простор да се работи на едуцирање на граѓаните да водат поголема сметка во процесот на купување.

Какви се резултатите во други истражувања може да се види во следните пасуси. Во телефонска анкета спроведена во јануари годинава во САД, што вклучува илјада возрасни случајно избрани лица, преку 800 се изјасниле дека и натаму купуваат „еколошки“ производи покрај мошне длабоката рецесија. Директорот на организацијата за заштита на животната средина „Грин Сил“ која е активна само на американскиот пазар, Артур Ваисмен, вели дека сепак потрошувачите се тие кои имаат моќ економијата да ја направат „зелена“ и тие тоа веќе го прават.

Во Хрватска во испитувањето спроведено во 4 града 67% од испитаните граѓани се изјаснуваат дека користат рециклирани производи, 13% се изјаснуваат дека не користат а 19% не мислат на тоа.

Ако се земат предвид посочените податоци, може да се утврди дека во Македонија потребно е да се посвети многу внимание на овој важен елемент за одржив развој. Потребно е да се вклучи и државата која би стимулирала рециклирањето, и локалната самоуправа која би обезбедила поголеми можности за распределување на отпадот со цел рециклирање, и граѓанскиот сектор кој треба соодветно да го подготви граѓанството за активно делување во процесот на рециклирање.

## Реупотреба на непотребни предмети

Од големо значење е да се користи можноста да се избираат производи кои се веќе употребувани и кои се уште можат да ни служат во секојдневието. Нивната повторна употреба не бара нови ресурси во обработка на производите во фабриките што е еколошки уште пооправдано од рециклирањето.




График бр.4 Граѓаните купуваат производи кој веќе некој ги користел - од „втора рака“

Во резултаттите од оваа анкета повеќе од 61,43 % од испитаниците не би купиле производи кои веќе се користени, т.е. втора рака. Во однос на овој аспект на заштита на околината  меѓу одговорите на испитаниците има најголем број неодговорени прашања 8,57%. Се претпоставува дека овој висок процент на граѓани кои не купуваат призводи од „втора рака“ не значи дека имаат негативен став кон вакви производи туку само кон купување на производи кои ги употребувале непознати лица. Граѓаните употребуваат предмети, апарати и др. кои се користени од страна на членови на нивното пошироко семејство или пријатели и колеги, но во помала мера купуваат. Од една страна  бројот на продавници за предмети и облека од втора рака се зголемува, но се уште е мал. Од друга страна постојат предрасуди во однос на купување на облека или мебел кој е користен од страна на непознати луѓе.

Во оваа анкета се потенцирани повеќе видови на производи кои можат да се купат од „втора рака“. Во анкетниот лист меѓу понудените опции за одговор се наоѓаат: облека, автомобили, велосипеди, мебел и технички апарати. Половина од сите граѓани кои се изјасниле дека купуваат од „втора рака“ го избрале понудениот одговор „автомобил“ . Традицијата да се купуваат автомобили од „втора рака“ се уште е задржана, уште поакцентирано во услови во кои постоеја одредени стимулации за купување на половни возила од странство за обновување на возниот парк. Поединечно бројот на испитаници кои се изјасниле дека купиле производи од овие категории е:  три одговори за мебел од „втора рака“, два одговори за купување на велосипед од „втора рака“ и по еден одговор за купување на техника и облека од „втора рака“.

Во државите на Европа и Америка трендот на купување на производи од „втора рака“ е во подем. Купуваат сите, а повеќе мажите.  И луѓето од највисокиот сталеж купуваат облека дизајнирана од познати брендови која останала непродадена и сега е изложена во продавници кои се убаво  и интересно уредени во посебен стил. Се смета според проценките во САД дека повеќе од 50 % од жените купуваат од “втора рака“. А на улиците во Холандија може да се забележи дека преовладува облеката која се носела порано, на пример модни парчиња кои се носеле во 60 и 70 години се многу присутни.

Во Скопје има неколку продавници за производи од втора рака, но и неколку студија (ателјеа) во кои се обновуваат стари парчиња на мебел, предмети од домаќинството облека и накит и се создаваат убави работи кои се понудуваат на продажба.

Во однос на продажбата на техника според интернет форумите може да се забележи дека во Скопје луѓето купуваат фотоапарати и камери, но и делови за различна техничка опрема „од втора рака“ со кои ги надополнуваат или поправаат своите апарати, велосипеди и автомобили.

Во согласност со овие наводи се очекува и во Македонија во наредното истражување застапеноста на граѓани кои купуваат од „втора рака“ значително да се зголеми.

## Донирање на предмети на хуманитарна организација за повторна продажба

Со ова прашање се опфаќа уште еден значаен аспект на одржливиот развој, а тоа е поправка т.е реновирање на предметите за нивно повторно користење.

За реупотреба на предметите значаен е ставот на граѓаните во однос на подарување на своите предмети кои не им се повеќе потребни, да ги користат други лица. Забележителен е бројот на граѓани 90% кои одговориле дека би оставиле предмети или облека на хуманитарна организација која би ги подготвила за повторна продажба по пониски цени. Ова навестува подготвеност на граѓаните за вакво делување на организациите. Потребно е да се размисли за начините на кои ќе се организира таа донација со што ќе се овозможи луѓето во целост да можат да ја изразат својата хуманитарна природа.




График бр.5 Оставање на употребени предмети на хуманитарна организација за нивна подготовка за повторна продажба

Ако се анализираат одговорите на граѓаните на Општина Карпош во однос на подарување на предмети кои не им се повеќе потребни со цел реупотреба и купувањето на веќе употребувани предмети може да се претпостави дека граѓаните на Општината можат да

си дозволат купување на нови производи, но истовремено тие се хумани луѓе кои им помагаат на лицата кои не можат да си го дозволат тоа.

## Купување со штедење

Еден од начините на заштита на околината е намалување на потрошувачката во насока на купување на производи кои ни се потребни, поточно намалување во купувањето на производи кои не ни се неопходни, а ги купуваме само затоа што ни се допаѓаат.




График бр.6 Принципи по кои се водат граѓаните при купувањето

Освен 15% од граѓаните кои купуваат тоа што им се допаѓа, другите размислуваат пред да купат одреден произвоод. Изборот обично го прават врз основа на потребата 28,57% и на можностите 58,57%. Ако се навратиме на претходните одговори во кои граѓаните од Карпош опфатени со анкетата не купуваат предмети од втора рака и расположени се за подарување, а имајќи ги во предвид резултатите на овој график, тогаш може да се претпостави дека новите производите кои ги купуваат не се купени само заради желбата да се купува и да се трошат пари за убави нешта, туку купуваат разумно.

## Штедење на електрична енергија во домот

Природата се чува со навиките кои ги создаваме и негуваме и со инвестиции во изолација и апарати и светилки кои ја штедат енергијата. Инвестициите зависат од одлуката, но и од финансиите. Испитаниците користат апарати и светилки за штедење на енергија во 58,57% и делумно во 14,70%. Само 20% од испитаниците не користат апарати и светилки кои ја штедат енергијата.




График бр.7 Користење на апарати и светилки кои заштедуваат електрична енергија

Според резултатите од истражувањето во Хрватска, 2006 година, организирано од образовна институција во кое се вклучени ученици од 4 града во Хрватска, 49,35% штедат енергија во домот, а 36,26 % не штедат енергија во домаќинството. Во главниот град на Хрватска во 2009 година, спроведено е истражување во кое е испитувана информираноста, ставот и однесувањето на Загрепчаните кон животната средина. Меѓу другото испитувано е користењето на штедливи светилки и апарати во домовите. 66% од испитаните граѓани користат светилки кои штедат енергија, 34% не користат или ретко користат такви светилки. Што се однесува до апарати кои штедат енергија, половина од испитаниците користат такви апарати, а половина не користат или ретко користат.

Штедење на струја во домот е однесување кое што е захтевно, но и исплатливо. Граѓаните добиваат поддршка за ова однесување со директната финансика заштеда т.е. намалување на висината на сметките за струја. Кога станува збор за поголеми инвестиции тогаш процентот на граѓаните кои вложуваат е помал, тие калкулираат дали е исплатливо и на кој рок.

## Домови со прозорци со добра топлинска изолација

Со оглед на фактот дека со енергијата потрошена на загревање на куќа со просечна изолација може да се загреат четири куќи со пасивна градба неопходно е оваа кратка анкета да го опфати и топлинското изолирање во домовите. Во просечно изолираните домови најголем процент од потрошената енергија е на сметка на греење и ладење во домот. Затоа еден од најголемите фактори за намалување на потрошувачката на енергија за функционирање на домаќинството е изолацијата, посебно прозорците со добра топлинска изолација.

Ако ги проследиме резултатите ќе утврдиме дека бројот на испитаници кои имаат прозорци со добра топлинска изолација (67,14% од граѓаните) е поголем од процентот на граѓани кои користат апарати и светилки што штедат енергија. Дел од испитаниците кои немаат добра топлинска изолација во домот како причина ги наведуваат средствата за обезбедување на такви прозорци. Еколошкото барањето за топлинска изолација во домот во голема мера е задоволено.




График бр.8 Застапеност на топлотно изолирани прозорци во домовите

Во гореспоменатото истражување во главниот град на Хрватска во 2009 година, испитувана е информираноста, ставот и однесувањето на Загрепчаните кон животната средина. Меѓу другото испитувано е подобрувањето на топлинската изолација во домот. Повеќе од 35% од испитаните граѓани се насочени кон подобрување на топлинската изолација со цел заштеда на енергијата. Од нив 29,7% често, а 6,3% редовно инвестираат во подобрување на изолацијата во домот. Овие резултати одат во прилог на претходното.

***

Бројот на испитувањата во насока на заштита на животната средина е мал во нашата држава и во околниот регион. Истражувањата кои се направени содржат одредени аспекти од темите опфатени и во оваа анкета. Прашањата не се поклуваат во целост за да се направи споредба, но сите претставени податоци се со цел да се појасни сликата за истражуваната тема.

## Заклучок и насока за понатамошно истражување

Според одговорите на некои прашања граѓаните на Општина Карпош во ова пилот анкета се „зрели“ за опсежен прашалник од видот на Скалата на нова еколошка парадигма (SNEP) која се состои од валидни и релијабилни ајтеми кој би се спроведувал од возрасни анкетари во домовите на граѓаните по случаен избор. Податоците добиени на тој начин би биле споредливи со други истражувања кои се очекува во блиска иднина да бидат застапени во поголем број.